Бр. 12 - 1014/1
12.02 год. 2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, постапувајќи по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26 -та седница одржана на ден 07 Февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријава бр. 12-2628/1 од 09.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – Политичката партија -- ------------------------- - ----------- со која се изразени сомневања и се посочува на коруптивни дествија на службени лица – поранешен ------------, а потоа ----------------------------------, на јавен обвинител, судија на Основен суд во -------------- и судии на Апелациониот суд во ------------- СЕ ЗАПИРА поради непотврденост и неоснованост на сомневањата во конкретниот случај.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2628 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2628/1 од од 09.05.2019 година.

Предметот со број 12-2628 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-2628 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2628/1 од 09.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – Политичката партија ------------------ – -------------.

Со пријавата се посочува на злоупотреба на службената положба и овластувањата сторена од страна на --------------- ---------------, како избрано лице – во времето додека ја вршел функцијата ---------------- со --------------- - случај познат во јавноста како ------------------ и истовремено се изразуваат сомневања по однос на постапувањето на надлежните органи и на службените лица - од Јавното обвинителство и судовите во Република Северна Македонија кои постапувале и одлучувале на предметниот случај.

Имено, според наводите на пријавителот, ------------- --------------- - во времето додека ја вршел функцијата -------------, -------------- ------------ вршел коруптивни дејствија преку -------- за потоа, последователно - ---------------------------------------- да биде ослободен од обвинение по однос на што од пријавителот се наговестува дека е истото резултат на негово влијание врз обвинителството и судството.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Бр. ________
________ год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност. Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба во предметниот пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци и информации од Основниот -------------- ----------------.

Врз основа на податоците и информациите содржани во прибавените списи – Пресуда ---------------- од ------------ година на Основниот ---------------- и Пресуда ---------------од ------------ година на Апелациониот суд ------------- Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека надлежниот првостепен суд постапувал по, претходно одобрен, обвинителен акт поднесен од Јавното обвинителство на Република Македонија – Одделение ------------------ во која постапка не било докажано постоењето надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил законското битие на кривичното делото и дека по однос на истото обвинетиот бил ослободен од обвинение. Последователно, Државната комисија утврди дека против наведената првостепена пресуда била поднесена навремена жалба, од Основното јавно обвинителство ---------------- а, по која постапувал совет од судии на Апелациониот суд --------------, како и дека изјавената жалба со донесената второстепена пресуда била одбиена како неоснована, а обжалената пресуда на Основниот суд ---------------- се потврдува.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата не укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на избраните лица – јавен обвинител од надлежно јавно обвинителство и судија/судии на надлежниот/ите суд/судови кои постапувале на конкретниот случај, а кои кои би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, па оттаму и дека наводите од пријавата на подносителот не се потврдуваат и дека се истите неосновани.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 07 Февруари 2020 година под бр. 12- 1014 /1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија Државна Комисија за спречување на корупцијата Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut Komisioni Shtetëror për Parandalim të Korrupsionit Shkup

Доставено до :
- Архива
- Подносител


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk